Институт за Истражување и Анализа на Политики – Ромалитико
Institute for Research and Policy Analysis – Romalitico

ул. Мајаковски 12/1-18, 1000 Скопје - www.romalitico.org - info@romalitico.org - St. Majakovski 12/1-18, 1000 Skopje

Проект : Заедно за просперитетна заедница

ОПИС НА ЗАДАЧА

Задача: Изработка на Детален урбанистички план за Урбаната единица „Стари лозја“, Урбани блокови 9 и 10, во реонот на Генерален урбанистички план на град Куманово.

Времетраење: Јануари 2025 – Мај 2025

1. Основа:

Проектот е дел од програмата „Активности за самоодржливост на заедницата“ (ЦСРА), чија цел е да воспостави одржливи системи и да развие капацитети на заедниците, така што заедниците ќе можат да планираат, финансираат и имплементираат решенија за сопствените развојни предизвици и приоритети.

Генералната цел на проектот е да се подобри вклученоста и стандардот на живот на Ромите во општините во Република Северна Македонија.

Специфичните цели на проектот се:

- Цел 1 - Зголемен заеднички ангажман на локалните актери за да го водат локалниот развој.
- Цел 2 - Функционирање на локални системи за развој на самостојна заедница

Овој проект е финансиски поддржан од страна на Агенцијата за меѓународна соработка на САД – УСАИД. Преку овој проект планирани се најмалку 100 локални акции во заедницата на локално ниво, кои се насочени кон потребите за вклучување на ромската заедница. Влијанието и одржливоста на овие настојувања ќе се зајакнат со партиципативниот пристап во реализацијата на акциите на заедницата, што вклучува ангажирање на релевантни локални групи, засегнати страни со различни капацитети и мандати, за соработка и имплементација.

Исто така во рамки на проектот една од клучните компоненти за поддршка на општините со цел подобрување на условите за домување на ромската заедница е изработката на техничка документација и изработка на ДУП во општините каде што има ромски населби а не се во ДУП. Со таа цел, Ромалитико во соработка со општина Куманово отвора повик за изработка на ДУП (Урбаната единица „Стари лозја“, Урбани блокови 9 и 10, во реонот на Генерален урбанистички план на град Куманово).

Изработката на ДУП ќе овозможи понатамошен урбан развој, ќе придонесе кон подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните (со подобрување на инфраструктурата, можности за инвестирање во подобрување на домувањето, подобар квалитет на јавните услуги итн.), исто така и ќе создаде можности за економски раст, овозможувајќи простор за инвестиции и целосно учество на деловниот сектор.

ул. Мајаковски 12/1-18, 1000 Скопје - www.romalitico.org - info@romalitico.org - St. Majakovski 12/1-18, 1000 Skopje

2. Цели и задача:

Предмет на задачата/набавката е изработка на Детален урбанистички план за Урбаната единица „Стари лозја“, Урбани блокови 9 и 10, во реонот на Генерален урбанистички план на град Куманово 2002 - 2012.

А. :

- **А.1**. за Урбаната единица „Стари лозја“, Урбани блокови 9 и 10, со вкупна површина од 16 ха, во реонот на Генерален урбанистички план на град Куманово 2002 -2012, изработка на:
  - Детален урбанистички план со плански период 2024 -2029 година;

1.1. Количина:

Набавка А:

УЕ „Стари лозја“	УБ.9 и 10	16 ха

3. Потребни квалификации и искуство:

За подготовка на деталниот урбанистички план, потребно е да бидат исполнети минимум следните услови:

- Правно лице со лиценца за изработување на урбанистички планови;
- Обезбеден планерски тим/тимови од архитекти и инженери од други релевантни области потребни за урбанистичко планирање;
- Одговорен планер на планерскиот тим со искуство во изработка на урбанистички планови;

4. Динамика и рок на испорака:

Понудувачот е должен да достави предлог динамички план за процесот на изработување и донесување на деталниот урбанистички план, а се однесуваат на предметот на набавка од точка А1. Предлог динамичкиот план треба да содржи планирани рокови во денови, за сите потребни активности за изработка и носење на план, вклучувајќи ги и активностите кои не се во домен на планерот, а се дефинирани во законска регулатива. Активностите кои се однесуваат на извршување на задачите на понудувачот треба да ги запазат следниве временски рокови:

- Рок за пристапување кон работа (по известувањето за избор на најповолен понудувач);
- Изработка на планска програма и ажурирана геодетска подлога (по добивање на услови за планирање и решение за условите за планирање на просторот) - рок за извршување најмногу 2 месеци;
- Изработка на нацрт детален урбанистички план (по одобрена планска програма) - рок за извршување најмногу 4 месеци;
- Изработка на ревидиран предлог детален урбанистички план (по добиениот извештај од Јавна презентација на Јавна анкета) - рок за извршување најмногу 2 месеци.

5. **Цена на задачата и начин на плаќање:**

Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на понудувачот, да биде искажана во македонски денари посебно без ДДВ и со ДДВ (проектот е даночно ослободен). Понудената цена треба да е со важност најмалку до известување за избор на најповолен понудувач.

Понудата е неделива. Понудувачот треба да ги внесе единичните цени и вкупната цена на набавката во предмерот од Прилог 1.

Доколку одделна понуда содржи невообичаено ниска цена, побарувачот ќе бара од понудувачот, во примерен рок, не пократок од пет дена, да ја објасни цената или трошокот наведен во понудата, доколку смета дека понудата содржи невообичаено ниска цена во однос на услугите или работите што се предмет на набавка или доколку постои сомнеж дека договорот ќе биде извршен.

Начинот на плаќање е вирмански по доставена фактура за извршената услуга во рок од 60 дена. Понудувачот има обврска да достави фактура согласно извршената услуга по техничка спецификација и цени утврдени во конечната понуда.

6. **Потребни елементи за понудата:**

Понудувачот е потребно да ги пополни и достави кон својата понуда единичните цени и вкупната цена на набавката во предмерот од Прилог 1.

Останата документација која треба да ја содржи понудата:

- Копија од лиценца за изработување на урбанистички планови;
- Копија од М1 и М2 образец за вработените;
- Референтна листа* на понудувачот на изработени, донесени и тековни урбанистички планови за последните 2 години. Во референтната листа да се назначи периодот на искуство во изработка на урбанистички планови, односно да се наведе годината на издавање на првата лиценца за изработување на урбанистички планови;
- Предлог динамички план за изработка и донесување на деталните урбанистички планови за кои се однесува понудата;
- Кратка биографија за сите членови на планерскиот тим/тимови, со референтна листа* за одговорниот планер на изработени, донесени и тековни урбанистички планови како одговорен планер, во последните 2 години;
- Склучен договор или изјава за соработка за конкретниот предмет на набавка, потпишани од двете страни, за ангажирани инженери од други области релевантни за урбанистичкото планирање, а кои не се вработени во правното лице понудувач; Приложувањето на овие документи ќе се смета за предност.
- Доколку понудувачот има сертифициран систем за управување со квалитет согласно ISO 9001:2015 треба да приложи копија од важечки сертификат издаден од акредитирано тело;
- Изјава за посветеност и соработка во реализација на понудените активности;
- Изјава за веродостојност на податоци.

ул. Мајаковски 12/1-18, 1000 Скопје - www.romalitico.org - info@romalitico.org - St. Majakovski 12/1-18, 1000 Skopje

* Референтната листа задолжително да ги содржи сите урбанистички планови кои се изработени и/или донесени и плановите кои тековно се изработуваат, со најмалку следните параметри: име на планот, нарачувач, површина изразена во хектари, период на изработка, година на донесување, опис на моменталниот статус (поднесен, донесен, тековен).

Доколку побарувачот процени за потребно, може да побара од понудувачот продолжување на периодот на важност на понудата.

7. Завршни одредби

Понудите ќе бидат оценувани комисиски по основ на следните критериуми:

- Цена
- Начин и услови на плаќање
- Рок за почеток и испорачување на работите
- Квалитет на понудувачот:

1. Важност на лиценца издадена согласно одредбите од Закон за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 42/2014, 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 г.);
2. Лиценца издадена согласно одредбите од Закон за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ, бр. 32/2020 г.);
3. Број и начин на вработување на архитекти инженери;
4. Број и начин на вработување на инженери од други области релевантни за урбанистичко планирање;
5. Времетраење во години на искуство во изработка на урбанистички планови на понудувачот;
6. Број на референци на изработени и донесени урбанистички планови на понудувачот, во последните 3 години;
7. Застапеност на тековни урбанистички планови;
8. Лиценца за проектирање;
9. Сертифициран систем за управување со квалитет согласно ISO 9001:2015;

Квалитет на планерскиот тим:

10. Обезбеден број на учесници планери во планерскиот тим/тимови;
11. Број и струка на ангажирани инженери и експерти од други релевантни области во планерскиот тим/тимови;
12. Времетраење на искуство на одговорниот планер на планерскиот тим во изработка на урбанистички планови;
13. Број на референци на одговорниот планер на планерскиот тим на изработени и донесени урбанистички планови, во последните 2 години;

ул. Мајаковски 12/1-18, 1000 Скопје - www.romalitico.org - info@romalitico.org - St. Majakovski 12/1-18, 1000 Skopje

Прилози:

ПРИЛОГ 1.

Предмет на набавка: Изработка на Детален урбанистички план за Урбаната единица „Стари лозја“, Урбани блокови 9 и 10, во реонот на Генерален урбанистички план на град Куманово 2002-2012**.**

А. А.1. Урбана единица „Стари лозја“, за УБ 9 и 10

	Предмер и пресметка					
	опис	**мерка**	**количина**	**единечна цена (без ДДВ)**	**ДДВ 18%**	**вкупна цена (со ДДВ)**
1 1.1	**А.1. За Урбаната единица „Стари лозја“, за УБ 9 и 10, изработка на:** - Детален урбанистички план	ха	16			
	Вкупно за Поз.1					